Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на ден од дневните настани 05.11.2024

На 04.11.2024 во 14.30 часот, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога при СВР Велес го лишиле од слобода А.Р.(28) од Велес. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба од Основен суд Велес, била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. А.Р. бил приведен во полициска станица, известен бил јавен обвинител и по документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.11.2024 во 11.35 и во 12.20 часот во с.Боговиње, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Камењане ги лишиле од слобода Љ.З.(36) од с.Боговиње и Е.Н.(32) од с.Горно Седларце. Тие се сомничат дека во периодот од 01.00 до 06.00 часот извршиле тешка кражба во продавен објект сопственост на Н.И.(55) од с.Боговиње, при што одзеле пари и повеќе производи. Лицата биле задржани во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против нив ќе следува соодветна пријава.

На 04.11.2024 во 16.40 часот, во атар на с.Болно, ресенско, полициски службеници од ОВР Ресен ги лишиле од слобода С.Д.(47) од Ресен и Т.Д.(45) од Прилеп поради сомнение за сторено кривично дело „кражба" по член 235 од Кривичниот законик. При контрола на трактор со приколка, кој го управувал С.Д., а сопатникот Т.Д., биле пронајдени огревни дрва за кои не поседувале никаква документација. Тракторот, дрвата и приколката биле одземени, а по целосно документирање на настанот против лицата ќе следува соодветна пријава.

Денеска (05.11.2024) во 01.20 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ш.Д.(36) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена растителна материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.11.2024 во 17.40 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода В.К.(49) и Т.Ц.(44), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена грутеста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.11.2024 во 09.05 часот во ОВР Крушево, С.С.(37) од с. Борино, крушевско, пријавил дека на место викано „Брака" во с.Борино, пронашол неексплодирана рачна бомба. Од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување бомбата била безбедно подигната и била констатирано дека се работи за рачна бомба од Првата светска војна.

На 04.11.2024 во 02.15 часот на Граничниот премин Долно Блаце, на влез во државата, полициски службеници го лишиле од слобода Е.Х.К.(26) од Republika Turqia поради тоа што при пасошка контрола и проверка во оперативната евиденција било констатирано дека бил баран од Интерпол - Узбекистан. Лицето било предадено на Секторот за меѓународна полициска соработка за понатамошна постапка.

На 04.11.2024 во 21.56 часот во ОВР Битола било пријавено дека на патот Битола - Демир Хисар, во близина на с.Лисолај, патничко моторно возило „волксваген голф" со битолски регистарски ознаки, управувано од А.Р.(29) од Битола, излетало од патот. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил малолетен сопатник од Битола, додека сопатничката Ц.М.(23) од Кичево се здобила со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Битола. Увид на местото извршила увидна екипа на СВР Битола.

На 04.11.2024 во 08.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автопатот Гоце Делчев, кај клучка Миладиновци, патничко возило „мерцедес" со беровски регистарски ознаки, управувано од Д.Ц.(61) од Беровo, излетало од коловозот. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил возачот, а со телесни повреди се здобиле сопатничките М.С.(24) и М.Д.(24), двете од Берово и М.Ц.(20) од Пречево, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04.11.2024 во 10.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг простор на ул.„Македонски војски" во Скопје, патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.В.(58) од Скопје, удрило во пешакот Т.Н.(74) од с.Вратница, тетовско. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобила Т.Н. констатирани во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 04.11.2024 околу 18.30 часот во СВР Штип било пријавено дека на регионалниот пат во правец кон с.Крупиште, штипско, патничко возило „рено" со штипски регистарски ознаки, управувано од И.В.(18) од с. Стар Караорман, штипско, излетало надвор од коловозот. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобил сопатникот С.Д.(56) од Штип, а со телесни повреди се здобила И.В. констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Штип.

На 04.11.2024 во 12.00 часот во Полициската станица Центар, В.Ф.(38) од Скопје пријавил дека на кеј на реката Вардар, во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 04.11.2024 во 20.00 часот во СВР Битола, В.Ш.(74) од Битола пријавила дека на ул. „Кланица" во Битола била касната од куче скитник.

На 04.11.2024 во 14.30 часот во ОВР Прилеп, В.Х.(68) од Прилеп пријавил дека во Градскиот пазар во Прилеп бил каснат од куче скитник.

На 04.11.2024 во 23.25 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Ц.Б.(28) од Куманово. Тој се обидел да одземе предмети од приватен имот на улицата „Никола Тесла" во Куманово. Ц.Б. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Ф.М.(74) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". На катастарска парцела на улица „Даме Груев" во Охрид, пријавениот бесправно и спротивно на одобрениот проект извршил градба на семејна куќа.

СВР Струга поднесе кривична пријава против Б.Х.(50) од струшкото село Велешта поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". При извршена сообраќајна контрола, полициските службеници од ОВР Дебар констатирале дека тој на увид приложил фалсификувана бугарска возачка дозвола.

На 04.11.2024 во 18.00 часот на булевар „Гоце Делчев" во Гостивар, полициски службеници од ОВР Гостивар го лишиле од слобода Ф.И.(34) од с.Брутовк, тетовско, поради основано сомнение дека извршил кражба на велосипед. Кај него бил пронајден велосипедот и бил вратен на сопственикот. Лицето било задржано во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 05.11.2024 во ОВР Кавадарци било пријавено дека околу 08.45 часот на регионален пат Кавадарци – Неготино, во близина на село Рибарци, општина Росоман, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „сеат" со велешки регистарски ознаки, управувано од 18-годишната В.З. од Градско и товарно возило „опел" со велешки регистарски ознаки, управувано од Б.Ј.(46) од Велес. Од здобивените повреди на местото починал М.П.(40) од Велес, сопатник во товарното возило, а смрт констатирал лекар од Здравствен дом Кавадарци. Со тешки телесни повреди се здобиле возачот за товарното возило и 18-годишната А.Н., сопатник во патничкото возило, а со телесни повреди се здобил возачот на патничкото возило, констатирани во болницата во Кавадарци. Увид на местото извршиле јавен обвинител во содејство и увидна екипа од ОВР Кавадарци. По наредба на јавен обвинителот телото на починатиот било дадено на обдукција.

Денеска (05-ноември) во 14.05 часот во СВР Тетово било пријавено дека на автопатот Гостивар-Тетово, во близина на надвозникот за тетовска Бреница, патничко возило „сеат леон" со скопски регистарски ознаки, управувано од В.М.(22) од Скопје, излетало од коловозот. Во несреќата се тешки телесни повреди се здобила сопатничката Л.П.(22) од Скопје, додека возачот се здобил со телесни повреди, констатирани во Клиничка болница Тетово. Увид на местото извршила екипа од СВР Тетово.

На 03.11.2024 во 13.26 часот во СВР Штип, З.С.(66) од с.Трканье, кочанско, пријавил дека на место викано „Кошче" во селото, додека извршувал земјоделски работи, пронашол неексплодирана експлозивна направа - тополска граната калибар 75 мм. Полициски службеници од Полициската станица Кочани извршиле увид, а пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување експлозивната направа била подигната за понатамошна постапка.

На 03.11.2024 во 23.30 часот на булевар „Илинденска" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово, во присуство на старател, приведе малолетник од Тетово затоа што кај него бил пронајден нож. Тој е задржан во полициска станица и против него ќе следува соодветен поднесок согласно член 80 од Законот за оружје.

На 04.11.2024 во 19.30 часот во СВР СКопје, З.С.(42) од Скопје пријавил дека околу 13.00 часот на подрачјето на Кисела Вода неговиот малолетен син бил физички нападнат од неколку лица, од кои дел познавал и кои употребиле метални предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.11.2024 во 11.30 часот на Граничен премин Ново Село, на излез од државата, полициски службеници го лишиле од слобода П.К.(53) од Струмица поради основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа" - образец за технички преглед за товарното возило „иveко" со бугарски национални ознаки, кое го управувал. По целосно документирање нас.лучајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.11.2024 во 16.11 часот во СВР Штип било пријавено дека во атарот на с.Пиперово, штипско, со прострелна рана од огнено оружје бил пронајден починат И.К.(31) од с.Дедино, општина Конче. Лекар од Ифта медицинска помош констатирал смрт, а увид на местото извршиле екипа на СВР Штип и јавен обвинител, по чија наредба телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 04.11.2024 во 15.50 часот во Полициската станица Карпош, Х.С.(31) од Скопје пријавил дека од неговиот дом се одалечил А.Д.(56) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 04.11.2024 во 20.50 часот на Граничен премин Долно Блаце, полициски службеници го приведе С.Б.(33) од Косово поради избегнување гранична контрола. Околу 20.05 часот на преминот, тој не застанал на наредба од полициски службеник за дополнителна контрола, а подоцна се вратил на граничниот премин со образложение дека не застанал затоа што имал итна ситуација. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.11.2024 околу 22.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во С.Студенчани, скопско, по претходно недоразбирање во сообраќајот, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.З.(31) и малолетник од една страна и И.Р.(44) и уште двајца малолетници, сите од С.Студенчани, од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.11.2024 во 15.40 часот во СВР Скопје, П.Е.(58) од Скопје пријавила дека околу 14.30 часот на подрачјето на Центар, едно лице со употреба на сила й одзело личен накит. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 04.11.2024 во 10.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред влез од зграда на подрачјето на општина Аеродром, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ж.О.(68) и В.Д.(41), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.11.2024 во 14.30 часот СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во градски автобус кој се движел на релацијата од с.Орешани кон с.Зелениково. Пожарот бил изгаснат, а повредени патници нема. Увид бил извршен.

На 04.11.2024 во 11.00 часот во СВР Скопје, 85 - годишен маж од Скопје пријавил дека на 01.11.2024 бил измамен од едно лице за сума од 50.000 денари. Сторителот непознат, лицето се претставило како вработено во МВР и му кажало дека ќе му помогне да го излечи неговиот син, а потоа и да го ограбори за што му ги побарал парите. Како што е пријавено, откако му ги дал парите, телефонот на лицето не бил достапен, по што сфатил дека е измамен. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.11.2024 во 20.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 16.30 часот, при извршување градежни работи на објект во изградба на подрачјето на Ѓорче Петров, а по тешки телесни повреди се здобил Л.Ш.(27) од с.Гермо, тетовско. Тој бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје, каде околу 18.30 часот починал. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје, известен бил трудов инспектор, а по барањето на јавен обвинител телото на починатиот било предадено на одјукција. Се работи на расчистување на случајот.

На 03.11.2024 во 15.00 часот во ОВР Кочани било пријавено дека пред продавен објект во с.Кучиничко, кочанско, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу З.Ј.(53) од селото и Т.М.(42) од Штип. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 04.11.2024 во 09.25 часот во ОВР Кавадарци, Ц.М.(23) од село Ваташа, кавадларечко, пријавила дека на 03.11.2024 на улица „Крсте Мисирков" во Кавадарци, додека се шетала со незјинот шестгодишен син, детето било каснато од куче сопственик на М.И.(51) од Кавадарци, кое било отстранато од случајни минувачи. Малолетникот бил пренесен во Општа болница Кавадарци, каде му биле констатирани тешки телесни повреди.

На 04.11.2024 во 20.25 часот во Полициската станица Велес, С.Т.(69) од Велес пријавил дека на улица „Благој Горев" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 04.11.2024 во 16.20 часот во СВР Велес, Н.Д.(31) од Велес пријавил дека на улица „Благој Страчковски" во Велес бил каснат од куче скитник.

На 04.11.2024 во 15.10 часот, М.И.(45) од Кичево во полициска станица пријавила дека на улица „Тане Цалески" во Кичево била касната од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Ф.З.(33) од Штип поради постоење основи на сомнение за кривично дело „убиство". На 01.11.2024 во објект во Штип, по претходна расправија, пријавениот физички ја нападнал неговата партнерка Е.П., која од здобените повреди починала.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против Т.Н.(26) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 09.08.2024 во Кичево, полициски службеници извршиле претрес на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени маринхуана и дробилка.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против М.А.(22) и Л.Б.(36), двајцата од Гевгелија, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". Полициски службеници извршиле претрес во домот на второпријавениот, во кој бил затекнат и превпријавениот, при што биле пронајдени и одземени бела грутеста материја, различни таблети и дигитална вага.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Р.К.(35) од с.Чепопек, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 20.04.2024, пријавениот телефонски го контактирал К.С.(72) и побарал 1.000 евра за да не биде убиен неговиот син кој е на издржување затворска казна во казнено - поправна установа.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Д.М.(69) и Ф.М.(52), двајцата од с.Падалиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „лихварство". Во периодот од 2012 до 2024, пријавените по повеќе наврати на две лица им давале пари на заем, за што подоцна им побарувале несразмерна камата, а им упатувале и закани доколку не им биде дадена бараната сума.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против И.Т.(41) од Скопје, управител на приватна фирма од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластување" и „оштетување или повластување на доверители", против правниот субјект поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување или повластување на доверители" и против К.Н.(46) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „злоупотреба на службената положба и овластување". Првопријавениот, иако знаел дека побарувањето, кое второпријавениот го имал кон друг правен субјект, веќе бил подмирен во целост и бил со блокирана жиро сметка, тој кај нотар потврдил солемнизација со невистинита содржина - договор за отстапување на побарување, а покрај тоа што неговото правно лице нема право да склучува таков вид договор. Со наведеното дејствие, преку извршителот побарувањето на иностран правно лице и на тој начин била извршена двојна наплата. Третопријавената, со намера да прибави противправна имотна корист во вид на нотарска награда и со намера да му овозможи стекнување на имотна корист на второпријавениот, презела службени дејствија на шета на правниот субјект од кого било извршено побарувањето.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против З.Г.(45) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службена положба и овластување" и „фалсификување службена исправа". На 22.06.2023, пријавениот како референт во ЈП „Национални шуми", издал испратница за натоварено огревно дрво повеќе од тоа што имало за превезување со што го оштетил државниот буџет.

Надворешна канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против И.И.(55) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Пријавениот, во Стар Баланоци градиел приверемен објект со дрвена конструкција без да поседува одобрение за градба издадено од надлежен орган.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против М.Н.(46) од Прилеп и М.В.(60) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење". Во Лубаништа, пријавените изградиле семејна куќа без да поседуваат одобрение за градење од надлежен орган.

Секој упад и злоупотреба на веб-страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Даме Мраков бр.9, 1000 Скопје,
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)2)3112468 е-пошта: kontakt@mvr.gov.mk

Изработено од Unet